# О Г Л А С

за консултант/ка за спроведување на две дводневни рапбтилници :

1. Дводневна обука за Комисијата за еднакви можности и советници од Советот на општина Делчево: родова еднаквост, правна рамка и техники за консултација со заедницата
2. Дводневна обука за Комисијата за еднакви можности и советници од Советот на општина Делчево:Планирање и спроведување на локални политики за родова еднаквост – од иницијатива до резултат

Организација ЖЕНА Делчево објавува оглас за ангажирање на тренер/и за спроведување на една дводневна работилници со членовите на Комисјата за еднакви можности и членови на Советот на општина Делчево која ќе опфати: основни концепти за родова еднаквост и правна рамка (национално и локално ниво), улогата и надлежностите на Комисијата за еднакви можности, техники за консултации со заедницата, особено со жени од рурални и маргинализирани средини.
Ангажманот е во рамки на проектот „Зајакнување на правната писменот кај жените од руралните средини и маргинализираните групи во општина Делчево“, финансиски поодржан од The Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска.

**ВРЕМЕНСКА РАМКА**

Работилниците ќе бидат спроведени во период април-мај/2026 год. Работилницата е планирано да трае два работни дена и избраниот тренер/консултант/ка ќе има вкупно ангажман од 4 работни дена по обука, односно 1.5 дена за подготовка на обуката, два дена за спроведување и половина ден за известување

Успешните кандидати треба да ги задоволуваат следните критериуми:

- Да има завршено високо образование
- Да има најмалку 7 години професионално искуство во граѓанско општество
- Да има најмалку 5 години професионално искуство во спроведување обуки
- Да има спроведено најмалку две обуки на темата за која се пријавува
- Да поседува солидни комуникациски, презентациски и фацилитаторски вештини
- Во својата биографија да посочи познавање на човековите права и родовиот концепт
- Способности за планирање и организација

**Постапка за изразување интерес**

Со цел да се пријавите за тренер-консултант/ка на некоја од горенаведените теми, треба да испратите:

- Писмо за изразување интерес, во кое е наведено за која позиција се пријавувате заедно со финансиска понуда изразена во нето сума (кандидатот може да се пријави за спроведување на обуки на повеќе од една од дадените теми);
- Професионална биографија со вклучени референци (листа на клиенти/организации за кои се спроведени ист/сличен тип на активности)
- Предлог дневен ред за дводневната обука на дадената тема;
- Листа на користени материјали од најмалку три спроведени обуки на истата тема.
- Предлог финансиска понуда
- Понудите може да бидат разделени со нагласување за која точка од огласот се пријавува

**Рок за пријавување на отворениот повик е 25.03.2026 година**.

Целосната документација за изразување интерес треба да биде испратена на адреса Организација ЖЕНА Делчево, ул.„Маршал Тито“ бр.104 1/3, 2320 Делчево или електронски на ozdelcevo@gmail.com

Доколку имате прашања поврзани со повикот може да ги поставите на: ozdelcevo@gmail.com .

Изборот на обучувачи ќе биде направен до **27.03.2026** година врз основа на претходно утврдени критериуми.

Лицата кои што аплицирале ќе бидат известени за резултатите од повикот, по електронски пат, на нивната емајл адреса иои телефонски, а најдоцна 3 дена по избор на консултант.

Организација ЖЕНА Делчево

Делчево, 20.03.2026 година